# БИРОСЕФ - ОДБЕРЕТЕ СИГУРНОСТ



КОГА КУПУВАТЕ, БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ ЗА КАКВИ СЕФОВИ И ВРАТИ ЌЕ СЕ ОДЛУЧИТЕ.

Честопати кога станува збор за сигурноста на Вашите пари, документи и други скапоцености дома и во канцеларија, се прашувате што да одберете за да правилно ги чувате? Како за потрошените пари, да ја добиете вистинската заштита и сигурност?

Денес на пазарот се нудат голем број безбедносни производи, кои нудат разновидна заштита и сигурност. Сигурноста и степенот на заштита, кај безбедносната и противпожарната опрема од ваков тип, се потврдува со соодветни сертификати. Производите се тестираат во акредитирани европски институции во согласност со европските барања.

КАКВИ СЕРТИФИКАТИ ТРЕБА ДА ПОБАРАТЕ КОГА КУПУВАТЕ СИГУРНОСНА ОПРЕМА ОД ВАКОВ ТИП?

- Европските стандарди за сигурност, по кој треба да бидат произведени Сигурносните врати и сефови, за да го задоволат соодветниот степен на сигурност се:

1.EN 1627 за Сигурносни врати и

2.EN 1143-1 за Сефови, каси и трезори.

Сето ова се потврдува со ЕВРОПСКИ СЕРТИФИКАТИ ЗА СИГУРНОСТ.

Кои стандарди за противпожарност треба да ги поседуваат производите, за да бидете сигурни дека ја осигуруваат наведената заштита?

-Кога станува збор за противпожарни картотечни ормани, сефови или врати, многупати на пазарот се нудат производи со противпожарна заштита согласно ДИН 4102, кој не е стандард за противпожарност. Европските стандарди за противпожарност се следниве:

1.EN 15659 60P или 30п за орманите,

2.EN1047-1 за сефовите и

3.EN 1634-1 за вратите.

Сите овие информации, како и многу други корисни совети за сигурносната и противпожарната опрема, можете да ги најдете на веб страната на ECB-S Germany (www.ecb-s.com).

Во Европа ECB – S е заштитна ознака EUROPEAN SECURITY SYSTEMS ASSOCIATION (ESSA) која е акредитирана сертификациска институција во согласност со EN 45011 за производи од областа на сигурносна и противпожарна опрема. ECB-S сертифицираните сигурносни производи се гаранција за квалитет на производот.

КАКО ДА ПРЕПОЗНАЕТЕ КВАЛИТЕТЕН ПРОИЗВОД?

Секој продукт произведен по овие стандарди задолжително мора да има посебна ознака - плочка од ECB-S, како потврда за квалитетот кој се нуди. Производите без соодветни ознаки, се продукти со сомнителен квалитет и не гарантираат сигурност на чуваните предмети и добра.

БИРОСЕФ е реномирана инженеринг компанија, која произведува, продава и инсталира сигурносни системи и банкарска опрема (сигурносни сефови и каси, трезорски врати, противпожарна заштита, противпожарни сефови и врати...) и веќе повеќе од десет години постои на пазарот. Постојано инвестирајќи во квалитетот на производството, БИРОСЕФ ги следи Европските барања, се со цел да произведува и продава висококвалитетна сигурносна опрема.

Во Ноември 2005 год., БИРОСЕФ го воведе СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ - ISO 9001:2008, а во 2009 година, стана членка на „ESSA – European Security Systems Association, Frankfurt/Main“, Франкфурт/Маин“

Производите кои БИРОСЕФ ги нуди се атестирани во Европски институти за испитување и носители на ЕВРОПСКИ СЕРТИФИКАТИ ЗА СИГУРНОСТ, издадени од страна на овластената за тоа Европска куќа „ESB-S” – Germany.

Повеќе на www.birosafe.com




